[redacted]

Република Македонија
**Министерство за финансии**
**Царинска управа**

| | |
|---|---|
| **Предмет:** | **Забелешки на Нацрт извештајот** |
| **Врска:** | **Баш број 11-346/6 од 13.02.2012 година** |

**Бр. 05-007615/12-0002**
**Скопје ,12.03.2012 година**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
СКОПЈЕ
16.03.2012

| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
|---|---|---|---|
| 1/1 | 346/14 | | |

**Царинска управа на Република Македонија**

Лазар Личеноски 13
1000 Скопје
Република Македонија
Тел:++ 389 2 3116 188
Факс:++ 389 2 3237 832
Е-пошта: **info@customs.gov.mk**
Веб страна: **www.customs.gov.mk**

До ДЗР, ул. Македонија 12/3 1000 Скопје
Главен државен ревизор м-р Тања Таневска

Почитувана,

Царинската управа го разгледа доставениот Нацрт извештајот број 11-346/6 од 13.02.2012 година, и во целина се согласуваме со наодите во овој Нацрт извештај во делот што се однесува на Царинска управа.

На мислење сме дека одредени податоци односно информации кои се наведени во овој Извештај а кои се однесуваат на Царинска управа иако се од формален карактер сепак мислиме дека би било добро да се прецизираат.

**Во делот Основни податоци** на страна 18 стои "Во текот на 2010 година ЦУ има донесено Упатство за начинот на постапување со одземени и стоки отстапени во корист на државата . ." (Упатство бр.05-019496/10-0001 од17.06.2010)
**Прецизниот податок е дека Царинската управа првото Упатство за начинот на постапување со одземени и стоки отстапени во корист на државата го донесе во текот на 2008 година, со број 05 – 14636/ 1 од 19.05.2008 година, и дека во текот на 2010година се Измени и дополнувања на оваа Упатство.**

**Во делот Законска регулатива** ,во точка 1.5 стои: "Од одговорните лица во АУОИ добивме образложение дека АУОИ не доставува квартални извештаи од причина што не е редовно известена од надлежните институции Судови, ЦУ, МВР за привремено одземените предмети",
**На мислење сме дека треба да се додаде :со исклучок на ЦУ, од причина што Царинска управа редовно доставува извештаи вклучувајќи и дневните информации по електронски пат.**

**Во делот 3. Кадровска екипираност, опременост, обука и**

**финансирање**, точка 3.8 стои: ". . Владата на РМ и отстапила на АУОИ три вилушкари за што е склучен договор за давање на трајно користење на движни ствари без надоместок помеѓу ЦУ и АУОИ. И покрај периодот од 10 месеци од потпишувањето на договорот истите не се превземени од страна на АУОИ."

**На мислење сме дека е важно да е наведе дека врз основа на овој договор потпишан е и записник за примопредавање и покрај тоа истите не се превземени од страна на АУОИ.**

**Во делот 4. Координација и комуникација**, точка 4.2 алинеа 1 стои: " Известување од АУОИ до генерален секретар на Владата на РМ и до МФ на РМ во кое се наведува дека АУОИ не била запознаена од ЦУдека 80 возила се правосилни и спремни за продажба и дека овие возила се чуваат во АМСМ. Во истото барање АУОИ пределага Владата на РМ да ја задолжи ЦУ редовно да ја известува АУОИ за сите правосилни пресуди, за локацијата на возилата како и за нивната комплетна документација",

**Точната констатација односно информација е дека: Царинска управа има испратено информација за овие возила бр:05-12426/10-0007 од 24.08.2010, што е потврдено и на следната седница на Владата. На РМ за оваа проблематика.**

**Во делот 4. Координација и комуникација** точка 4.2 алинеа 2 стои: . . "Известување од АУОИ до ЦУ на РМ за нерегуларности со одземената стока во кое се наведува дека ЦУ ја известила АУОИ за одземената стока со правосилно решение, која може да биде предмет на располагање, како и со доставена потврда за привремено задржани предмети. Согласно законските надлежности АУОИ презела активности за отстапување на одземените предмети. При постапката за превземање и отстапување, преставниците на АУОИ биле известени од царинските службеници дека одземената стока е царинета и е вратена на правното лице од кое е одземена, спротивно на донесеното решение со кое тие предмети се одземаат;"

**Оваа Формулацијата е нејасна и треба дасе прецизира**

Во делот **5. Мерки за обезбедување и контрола** точка 5.1 алинеа 5 стои: ".Плацот во Гевгелија..... Во кругот на плацот сместен е магацински склад во кој ЦУ складира стока запленета по царински прекршок и во него АУОИ нема пристап освен во присуство на овластено лице од ЦУ. "

**Прецизната констатација би била дека : овластените магационери вработени во овој магацински склад неможат веднаш записнички да ја превземаат доставената стока се додека не добијат одобрение односно согласност од одговорните лица од АУОИ**.

Со почит,

**Помошник директор**
**Хулуси Јашари**